ТИРЗ
РАСТЕМЕ ЗАЕДНО

Број: 04-1749/2
Датум: 26.12.2025

ДИРЕКЦИЈА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ
Бул. Партизански одреди, бр. 2
П.Фах 311, 1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3111 166
Е-пошта: info@fez.gov.mk
www.fez.gov.mk

Врз основа на член 15 од Законот за технолошки индустриски развојни зони ("Службен весник на Република Македонија" бр. 14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16 и 83/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.13/23, 59/25 и 154/25), член 22 и член 23 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25, 74/25 и 124/25), член 5 став 1, член 6 став 1 и член 20-г од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/2014,199/2014,27/2016, 35/2018, 198/2018, 143/2019, 14/20 и 208/24), а во врска со член 2 став 2, член 3 и член 4 од Правилникот за вработување, унапредување и распоредување на помошно – технички лица во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр.01-1628/1 од 06.12.2023 година и Правилникот за изменување на Правилникот за вработување, унапредување и распоредување на помошно – технички лица во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр.01-1169/1 од 17.07.2025 година и Правилникот за систематизација на работните места во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр.01-175/2 од 17.01.2023 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр.01-894/1 од 29.05.2023 година, бр.01-894/5 од 02.11.2023 година, бр.01-894/8 од 06.12.2023 година, бр.01-1156/1 од 10.09.2024 година, бр.01-468/3 од 05.03.2025 година, бр.01-1015/1 од 10.06.2025 година, бр.01-1015/4 од 26.06.2025 година и бр.01-1015/7 од 12.12.2025 година, Директорот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони распишува:

## ЈАВЕН ОГЛАС бр.06/2025

### за вработување на неопределено време на 4 (четири) извршители - помошно-технички лица во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони

Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони објавува јавен оглас за вработување на 4 (четири) извршители - помошно-технички лица за следните работни места:

1. **Инженер - помошник за подготовка на техничка документација во Одделение за издавање на одобренија за градење во Сектор за одобренија за градење и употреба во зоните (Локација на работно место: Скопје) – Шифра ТИР0405А06001________1 (еден) извршител;**

2. **Самостоен инженер – Советник за следење на изградба на ТИРЗ во Одделение за реализација и следење на проекти во Сектор за планирање и реализација на проекти и припрема на зоните (Локација на работно место: Скопје) – Шифра ТИР0405А04004________1 (еден) извршител;**

INTERCERT CERTIFIED ISO 37001 ABMS
INTERCERT CERTIFIED ISO 9001 QMS

ТИР3
РАСТЕМЕ ЗАЕДНО

3. **Самостоен инженер – Советник за планирање во Одделение за планирање на проекти во Сектор за планирање и реализација на проекти и припрема на зоните (Локација на работно место: Скопје) – Шифра ТИР0405А04001________1 (еден) извршител;**

4. **Одговорен инженер - Раководител на одделение за одржување и заштита во зони во Сектор за управување, стопанисување и одржување на зони и односи со корисници, (Локација на работно место: ТИР3 Скопје 1) – Шифра ТИР0401А01001________1 (еден) извршител;**

Кандидатите што ќе се пријават на огласот треба да ги исполнуваат општите и посебните услови за вршење на работата предвидени во Правилникот за систематизација на работните места во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр.01-175/2 од 17.01.2023 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр.01-894/1 од 29.05.2023 година, бр.01-894/5 од 02.11.2023 година, бр.01-894/8 од 06.12.2023 година, бр.01-1156/1 од 10.09.2024 година, бр.01-468/3 од 05.03.2025 година, бр.01-1015/1 од 10.06.2025 година, бр.01-1015/4 од 26.06.2025 година и бр.01-1015/7 од 12.12.2025 година.

**Општи услови:**
- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови за работното место под реден број 1:**
- најмалку ниво на квалификации 180 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен – Инженерство и технологија - Градежништво или друго инженерство и технологии
- Со или без работно искуство во струката
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски),
- одлични комуникациски вештини и
- способност за тимска работа.

**Посебни услови за работното место под реден број 2 и 3:**
- најмалку ниво на квалификации 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен – Инженерство и технологија
- најмалку 3 години работно искуство во струката
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски),

INTERCERT CERTIFIED ISO 37001 ABMS
INTERCERT CERTIFIED ISO 9001 QMS

- одлични организациски вештини,
- одлични комуникациски вештини и
- способност за тимска работа.

**Посебни услови за работното место под реден број 4:**

- најмалку ниво на квалификации 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен – Инжинерство и технологија - Градежништво, машинско инженерство или електрично инженерство, електронско инженерство, информатичко инженерство
- најмалку 2 години работно искуство во струката
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- способност за решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг
- одлични организациски вештини,
- одлични комуникациски вештини и
- способност за тимска работа.

**Работно време за сите работни места во огласот:**

- Работни денови – од понеделник до петок
- Работни часови неделно – 40 часа
- Работно време од 07:30 до 15:30
- Опис на работното време - почеток помеѓу 07:30 и 08:30 часот и завршеток на истото помеѓу 15:30 и 16:30 часот.

Паричен износ на основната нето плата изнесува 33.863,00 денари за работното место под реден број 1.

Паричен износ на основната нето плата изнесува 41.010,00 денари за работното место под реден број 2 и 3.

Паричен износ на основната нето плата изнесува 45.460,00 денари за работното место под реден број 4.

Условите наведени во јавниот оглас, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето. Заинтересираните кандидати се должни да поднесат пријава за вработување во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони која може да се превземе од веб страната на Дирекцијата, во делот Информации од јавен карактер. Пополнетата пријава во целост и со точни податоци, заедно со доказите за исполнување на општите и посебните услови за работното место на кое што конкурирале, кандидатите треба да ги достават во затворен плик во архивата на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони или по пошта на адреса бул.Партизански одреди бр.2, П.фах 311 –Скопје, со назнака за Јавен оглас бр. 06/2025 за вработување на неопределено време на помошно – техничко лице. Кандидатите задолжително да наведат реден број на работното место за кое се пријавуваат.

Како работно искуство во струка ќе се смета периодот евидентиран во агенција за вработување како работен стаж, кој вработениот го поминал во работен

ТИРЗ
РАСТЕМЕ ЗАЕДНО

однос после стекнување на определен степен и вид на образование и во кој вршел работи и работни задачи за кој е потребен таков степен и вид на образование.

Кандидатите со своерачно потпишаната изјава за работното место треба да достават докази за исполнување на условите, во оригинал или копија заверена на нотар, и тоа:

- Кратка биографија;
- Диплома за завршено образование (оригинал или фотокопија заверена на нотар);
- Уверение за државјанство (оригинал или фотокопија заверена на нотар);
- Сертификат за активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење (оригинал или фотокопија заверена на нотар);
- Историјат за вработување од Агенција за вработување на Република Северна Македонија, како доказ за работно искуство во струката (оригинал или фотокопија заверена на нотар);
- Сертификат како доказ за познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија – англиски, француски или германски (оригинал или фотокопија заверена на нотар) – освен за работното место под реден број 4;
- Уверение за општа здравствена способност за работното место - лекарско (оригинал или фотокопија заверена на нотар) не постаро од 12 месеци;
- Уверение дека со правосилна судска пресуда да не му е изречена забрана на вршење на професија, дејност или должност (оригинал или фотокопија заверена на нотар) не постаро од 12 месеци;

Рокот за доставување на пријавите е 15 (петнаесет) дена од денот на објавувањето на огласот.
Ненавремените и неуредно пополнетите пријави нема да бидат предмет на разгледување.
По истекот на рокот за пријавување, изборот на кандидатите ќе се изврши во рокот определен во член 23 став 2 од Законот за работните односи.
Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошна постапка по овој оглас.
Постапката ќе ја спроведе Комисија формирана од страна на Директорот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и истата се состои од административна селекција и интервју. Пријавените кандидати кои ќе ја поминат административната селекција ќе бидат навремено известени за времето и местото на одржување на интервјуто.
Одлуката за избор ќе ја донесе Директорот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и истата ќе биде објавена на веб страната на Дирекцијата www.fez.gov.mk.

Директор
Д-р Гоце Димовски

---------------------------

Изработил: Маја Базерковска
Контролирал: Ирена К. С.
Согласен: Маја Жупаноска Стефановска

INTERCERT CERTIFIED ISO 37001 ABMS
INTERCERT CERTIFIED ISO 9001 QMS